# ЕРИХ ФРОМ

# Уметноста на љубовта



ikona

Наслов на оригиналот:
The Art of Loving
Erich Fromm

Превод од англиски: Сашо Кузмановски
Уредник: Наташа Данчевска
Лектор: Вера Тодоровиќ
Корица и подготовка за печат: Сашо Кузмановски
Печат: Студентски сервис, 1000 Скопје
Издавач: Икона, бул. Партизански одреди – бр. 9, Скопје
Тираж: 500
www.ikona.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"
Скопје
177.61
ФРОМ, Ерих
Уметноста на љубовта / Ерих Фром ; преведувач од англиски јаз ик Сашо Кузмановски. - Скопје : Икона, 2026. - 119 стр. ; 141x200 мм

Фусноти кон текстот. - Превод на делото: The art of loving / Erich Fromm

ISBN 978-608-286-007-7
а) Љубов -- Етика
COBISS.MK-ID 69283077

# СОДРЖИНА

Предговор........................................................................ 3
I. Дали љубовта е уметност? ........................................... 7
II. Теоријата на љубовта ................................................ 12
1. Љубовта – одговор на проблемот на човековото постоење.................................................................................. 12
2. Љубовта меѓу родителот и детето ............................. 39
3. Предметот на љубовта ............................................... 45
а. Братска љубов........................................................ 46
б. Мајчина љубов ...................................................... 48
в. Еротска љубов ....................................................... 51
г. Љубов кон себе ...................................................... 55
д. Љубовта кон Бога................................................... 60
III. Љубовта и нејзиното распаѓање во современото западно општество .................................................................. 76
IV. Практикувањето на љубовта..................................... 97

*Кој ништо не знае, ништо не љуби. Кој ништо не умее, ништо не разбира. Кој ништо не разбира, ништо не вреди. Но оној што разбира, и љуби, и забележува, и гледа... Колку повеќе знаење има за една работа, толку е поголема љубовта... Кој мисли дека сите плодови зреат во исто време кога зреат јагодите, ништо не знае за грозјето.*

Парацелзус

# Предговор

Читањето на оваа книга би било разочарувачко искуство за секого што очекува лесни упатства за уметноста на љубовта. Напротив, оваа книга има за цел да покаже дека љубовта не е чувство во кое секој може лесно да се впушти, без оглед на степенот на зрелост што го достигнал. Таа сака да го увери читателот дека сите негови обиди за љубов се осудени на неуспех, доколку не се обиде најактивно да ја развие својата целокупна личност, за да постигне продуктивна ориентација; дека задоволството во индивидуалната љубов не може да се постигне без способност да се љуби ближниот, без вистинска смиреност, храброст, верба и дисциплина. Во една култура во која овие квалитети се ретки, способноста за љубов неизбежно ќе остане ретко достигнување. Секој може да се запраша колку навистина познавал личности способни за љубов.

Сепак, тешкотијата на задачата не смее да биде причина да се воздржиме од обидот да се запознаеме и со тешкотиите и со условите за нејзино извршување. За да избегнам непотребни компликации, се обидов да го објаснам проблемот со што е можно помалку стручен јазик. Од истата причина, ги сведов на минимум и упатувањата кон литературата за љубовта.

За уште еден проблем не најдов сосема задоволително решение: како да избегнам да повторувам идеи веќе изразени во моите досегашни книги. Читателот што е запознаен со нив, а особено со *Бегство од слободата*, *Човек за себе* и *Здравото општество*, во оваа книга ќе наиде на многу идеи изразени и во тие претходни дела. Меѓутоа, *Уметноста на љубовта* никако не се состои главно од повторување. Таа изнесува многу

идеи што одат подалеку од претходно изразените, а некои постари идеи, како што е сосем природно, добиваат нови перспективи со тоа што се сега насочени кон една тема – уметноста на љубовта.

Е. Ф.

# I.
# Дали љубовта е уметност?

Дали љубовта е уметност? Ако да, бара и знаење и напор. Или пак љубовта е пријатно чувство, кое се доживува по пат на случајност – нешто што човекот го „снаоѓа“, ако има среќа? Оваа мала книга се заснова на првата претпоставка, иако несомнено мнозинството луѓе денес веруваат во втората.

Не дека луѓето мислат дека љубовта не е важна. Тие копнеат по неа; гледаат безброј филмови за среќни и несреќни љубовни приказни, слушаат стотици петпаречки песни за љубовта – а сепак речиси никој не мисли дека има што да се научи за љубовта.

Овој необичен став се заснова на неколку претпоставки кои, поединечно или заедно, го одржуваат. Повеќето луѓе проблемот на љубовта го гледаат првенствено како проблем на тоа *да бидат љубени*, а не како проблем на *љубењето,* на сопствената способност за љубење. Оттука, за нив проблемот е како да бидат љубени, како да станат достојни за љубов. Во стремежот кон оваа цел тие следат неколку патишта. Еден, кој особено го избираат мажите, е патот на успехот – човек да биде што е можно помоќен и побогат во рамките на општествените можности што ги дозволува неговата положба. Друг, кој особено го избираат жените, е зголемување на сопствената привлечност – преку негата на телото, облеката и слично. Други начини за зголемување на привлечноста, кои ги користат и мажите и жените, се развивање пријатни манири, водење интересни разговори, и услужливо, скромно, и ненаметливо однесување. Многу од начините со кои човек се прави достоен за љубов се истите што се користат за станување успешен – за стекнување пријатели и влијание врз луѓето.

Всушност, она што повеќето луѓе во нашата култура го подразбираат под достојност за љубов е, во суштина, мешавина од популарност и сексуална привлечност.

Втората претпоставка што стои зад ставот дека нема што да се научи за љубовта е дека проблемот на љубовта е проблем на *објект*, а не проблем на *способност*. Луѓето мислат дека е едноставно да се љуби, но дека е тешко да се најде вистинскиот објект што треба да се љуби – или кој ќе нè љуби нас. Овој став се должи на неколку причини вкоренети во развојот на современото општество. Една од нив е големата промена што се случи во дваесеттиот век во однос на изборот на предметот на љубовта, односно објектот. Во викторијанската епоха, како и во многу традиционални култури, љубовта најчесто не била спонтано лично искуство кое потоа можело да доведе до брак. Напротив, бракот се склучувал по договор – или меѓу семејствата, или преку посредник за брак, или дури и без такви посредници. Тој се засновал од општествени причини, а љубовта се претпоставувало дека ќе се развие дури откако бракот ќе биде склучен. Во последните неколку генерации, поимот романтична љубов стана речиси универзален во западниот свет. Во САД, иако традиционалните општествени причини не се целосно исчезнати, луѓето во голема мера трагаат по „романтична љубов", по лично искуство на љубов кое потоа треба да доведе до брак. Овој нов концепт за слобода во љубовта мора значително да ја зголемил важноста на *објектот*, наспроти важноста на *способноста*.

Тесно поврзана со овој фактор е уште една карактеристика на современата култура. Целата наша култура се темели врз желбата за купување, врз идејата за заемно поволна размена. Среќата на современиот човек се состои во возбудата од гледање излози и купување сè што може да си дозволи – било со готовина или на рати. Тој (или таа) на сличен начин гледа и на луѓето. За мажот привлечна девојка – а за жената привлечен маж – се наградите кон кои се стремат. „Привлечен" обично значи убаво спакуван збир на особини што се популарни и барани на пазарот на личности. Што точно прави еден човек

привлечен зависи од модата на времето, и физички и психички. Во дваесеттите години привлечна била груба, сексуално провокативна девојка што пие и пуши; денес модата бара повеќе домашност и скромна воздржаност. На крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век мажот требало да биде агресивен и амбициозен – денес треба да биде друштвен и толерантен за да биде привлечен „пакет“. Во секој случај, чувството на заљубеност обично се развива само кон такви човечки „производи“ што се во домет на сопствените можности за размена. Јас барам добра зделка, па објектот треба да биде пожелен од гледна точка на неговата општествена вредност, а во исто време треба да ме посакува и мене, земајќи ги предвид моите видливи и скриени квалитети и потенцијали. Така двајца луѓе се вљубуваат кога чувствуваат дека го нашле најдобриот објект достапен на пазарот, со оглед на ограничувањата на сопствената вредност за размена. Често, како и при купување недвижност, скриените можности што можат да се развијат играат значајна улога во оваа зделка. Во култура во која преовладува пазарната ориентација и во која материјалниот успех е највисока вредност, не треба да не чуди тоа што човечките љубовни односи го следат истиот образец на размена што владее на пазарот на стоки и на труд.

Третата заблуда што води до претпоставката дека за љубовта нема што да се учи лежи во забуната меѓу почетното искуство на заљубување и трајната состојба на љубење, или – подобро речено – на „останување заљубен“. Ако двајца луѓе, кои до тогаш биле непознати еден за друг, како што сите сме, одеднаш дозволат ѕидот меѓу нив да се урне и почувствуваат блискост, почувствуваат единство, тој миг на единство е едно од највозбудливите и највозвишени искуства во животот. Тој е уште повеличествен и почудесен за луѓе кои биле затворени, изолирани, без љубов. Достигнувањето на ова чудо на ненадејна блискост често е олеснето ако е придружено со сексуална привлечност и сексуално соединување, или ако оттаму започне. Меѓутоа, овој вид љубов по својата природа не е траен. Двајцата постепено се запознаваат, нивната блискост сѐ

повеќе го губи својот чудесен карактер, сѐ додека нивните спротивности, нивните разочарувања и нивната меѓусебна досада не го уништат она што останало од почетната возбуда. Но на почетокот тие не го знаат сето тоа: напротив, силата на занесот, тоа што се „луди“ еден по друг, го земаат како доказ за силата на својата љубов, иако тоа можеби само го докажува степенот на нивната претходна осаменост.

Овој став – дека ништо не е полесно од љубовта – продолжува да биде преовладувачката идеја за љубовта, и покрај огромните докази за спротивното. Речиси и да нема друга дејност, ниту некој друг потфат освен љубовта, кој започнува со толку огромни надежи и очекувања, а сепак толку редовно пропаѓа. Кога би било така со некоја друга дејност, луѓето би сакале да ги знаат причините за неуспехот и да научат како да постапуваат подобро – или би се откажале од таа дејност. Но бидејќи второто е невозможно во случајот со љубовта, изгледа дека постои само еден соодветен начин да се надмине неуспехот на љубовта – да се испитаат причините за тој неуспех и да се пристапи кон проучување на значењето на љубовта.

Првиот чекор е да станеме свесни дека љубовта е уметност, исто како што и живеењето е уметност. Затоа, ако сакаме да научиме како да љубиме, мора да постапиме на ист начин како кога сакаме да научиме која било друга уметност – на пример музика, сликарство, столарство или уметноста на медицината или инженерството.

Кои се неопходните чекори во учењето на која било уметност?

Процесот на учење на една уметност може да се подели на два дела: едниот е совладување на теоријата, а другиот совладување на праксата. Ако сакам да ја научам уметноста на медицината, најнапред морам да ги знам фактите за човековото тело и за различните болести. Кога ќе го стекнам сето тоа теоретско познание, воопшто не значи дека сум способен во уметноста на медицината. Мајстор во оваа уметност ќе станам дури по голема пракса, сѐ додека на крај резултатите од моето теоретско познание и резултатите од мојата пракса не се

соединат – во мојата интуиција, која е суштината на мајсторството во секоја уметност. Но, покрај учењето на теоријата и праксата, постои и трет фактор неопходен за станување мајстор во која било уметност – совладувањето на уметноста мора да биде прашање од најголема важност; не смее да постои ништо друго во светот поважно од таа уметност. Ова важи за музиката, за медицината, за столарството – и за љубовта. И можеби токму тука лежи одговорот на прашањето зошто луѓето во нашата култура толку ретко се обидуваат да ја научат оваа уметност, и покрај нивните очигледни неуспеси: иако постои длабока жед за љубов, речиси сè друго се смета за поважно од љубовта – успехот, престижот, парите, моќта – речиси целата наша енергија се троши на учење како да се постигнат овие цели, а речиси ништо на учење на уметноста на љубовта.

Дали можеби само оние работи се сметаат за достојни за учење од кои може да се заработат пари или да се стекне престиж, а љубовта, која „му користи само на духот“, но е бескорисна во современа смисла, е луксуз на кој немаме право да трошиме многу енергија? Како и да е, следната дискусија ќе ја разгледува уметноста на љубовта во смисла на претходно наведената поделба: најнапред ќе ја разгледам теоријата на љубовта – и тоа ќе го сочинува поголемиот дел од книгата; а потоа ќе ја разгледам праксата на љубовта – во онаа ограничена мера во која има што да се *зборува* за пракса, во оваа како и во било која друга област.

# II.
# Теоријата на љубовта

## 1. Љубовта – одговор на проблемот на човековото постоење

Секоја теорија на љубовта мора да започне со теорија за човекот, за човековото постоење. Иако љубовта, или поточно нејзин еквивалент, ја среќаваме и кај животните, нивните поврзаности главно се дел од нивното инстинктивно устројство; само остатоци од тоа инстинктивно устројство можат да се забележат кај човекот. Она што е суштинско во постоењето на човекот е фактот дека тој излегол од животинското царство, од инстинктивното прилагодување, дека ја надминал природата – иако никогаш не ја напуштил; тој е дел од неа – но откако е оттргнат од природата, не може да се врати назад во неа; откако е исфрлен од рајот – од состојбата на првобитното единство со природата – херувими со пламен меч му го препречуваат патот ако се обиде да се врати. Човекот може да оди само напред, развивајќи го својот разум, наоѓајќи нова хармонија – човечка хармонија – наместо претчовечката хармонија што е неповратно изгубена.

Кога човекот се раѓа – како човечкиот род така и поединецот – тој е исфрлен од одредена состојба, исто толку одредена колку и инстинктите, во неодредена, несигурна и отворена состојба. Сигурност постои само за минатото, а во иднината е сигурна само смртта.